Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 11/1-460/34
11.11.2020 год.
Скопје

# Записник од 13-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: 11 NOV 2020
Орг. един.: 11/1 | Број: 460/34

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 29.09.2020 година | **Време** | 14:15 – 15:00 часот |
| **Бр. на седница** | 13-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Николче Мицкоски, Благој Стојанов, Љубен Талев, Милан Николовски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од седницата на НКБК одржана на 18.09.2020 година ;
2. Усвојување на вториот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI индикаторите на ЕУ) и спроведување на НОБП ;
3. Разно.

## БЕЛЕШКИ

Тринаесеттата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од десеттата седница, одржана на 18.09.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка која се однесува на вториот Извештај за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, напомена дека извештајот содржи два дела: првиот се однесува на развојот на бродбенд пазарот согласно DESI индикаторите на ЕУ и вториот дел е за постигнувањата околу имплементацијата на НОБП. Во подготовката на извештајот покрај членовите на НКБК учество зедоа и претставници на Агенцијата за електронски комуникации и на ЈП Македонска радиодифузија, кои доставија податоци за активностите на овие институции во изминатите шест месеци.

Членот на НКБК, Славица Настеска, потенцира дека со изработката на овој извештај направен е напредок споредено со претходниот извештај и во поглед на квалитетот на податоците, како и во поглед на временската рамка на собирање на податоците. Исто така, таа истакна дека во комуникацијата со колегите од АЕК и било кажано дека во ноември годинава најверојатно ќе се обезбедат податоци кои се однесуваат на покриеноста со фиксен бродбенд. Членот на НКБК, Анастас Мишев ги креираше графиците во извештајот кои се однесуваат на покриеноста со фиксен и мобилен бродбенд пристап, додека надворешниот соработник, Николче Мицкоски, помогна во јазичното подобрување на извештајот од аспект на ИКТ терминологијата.

По завршувањето на дискусијата претседателот на НКБК го стави извештајот на

гласање.

**Заклучок 1:** Членовите на НКБК едногласно го усвоија вториот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI индикаторите на ЕУ) и спроведување на НОБП.

**Заклучок 2:** Примерок од Извештајот за развој на бродбендот во државата (согласно DESI индикаторите на ЕУ) и спроведување на НОБП, ќе се достави до министерот за информатичко општество и администрација, како и до Агенцијата за електронски комуникации и ЈП Македонска радиодифузија.

Претседателот на НКБК, Буковалов информираше дека извештајот ќе биде поставен на веб страната на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК).

**За третата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК, Буковалов, во рамките на точката разно го потенцира прашањето за ревидирање на бели сиви и зони и за мапирањето по услуги. Тој истакна дека се очекува АЕК во соработка со НКБК набрзо да го започне овој процес.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ________________